РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-302/1
15-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1280/1 од 09.04.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости поврзани со свикување и одржување на седница на Советот на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради промена на фактичката состојба на која упатуваат околностите на кои се однесуваат наводите од пријавата по која е оформен предметот.

Предметот со број 12-1280/1 од 09.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 09.04.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости поврзани со свикување и одржување на седница на Советот на Општина /// и оформен е предмет број 12-1280/1 од 09.04.2025 година.

Во пријавата се изнесени наводи дека /// седница Советот на Општина /// одржана на /// година била свикана од страна на градоначалникот на Општината, спротивно на одредбата од членот 39 од Законот за локалната самоуправа според која седниците ги свикува претседателот на Советот, при што поканата до членовите на Советот била доставена доцна попладнето пред одржувањето на седницата.

Според наведеното во пријавата, претседателот на Советот на ///, пред да ја напушти седницата, изјавил дека седницата не била свикана од негова страна и дека дневниот ред и материјалот биле доставени без негов потпис.

Со оглед на тоа што една од точките на дневен ред на конкретната седница била продажба на јавно земјиште, подносителот на пријавата изразил сомневање дека свикувањето на седницата на овој начин било сторено заради донесување на одлуки во корист на трети лица, со постапување кое е спротивно на одредбите од членот 66 од Законот за локална самоуправа и на одредбите од членовите 46 и 47 од Законот за градење.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Општина /// и до Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Од увидот во податоците и информациите доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По пријава од 08.04.2025 година, со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата по која е оформен предметот со број 12-1280/1 од 09.04.2025 година постапил и Државниот инспекторат за локална самоуправа, од чија страна, по извршен увид во Решението за свикување на /// седница на Советот на Општина ///, во Евидентниот лист на присутните членови на Советот и во Записникот од седницата на Советот одржана на /// година, било утврдено дека при свикувањето и одржувањето на оваа седница, одредбите од Законот за локалната самоуправа биле делумно испочитувани. Воедно, од страна на Државниот инспекторат за локална самоуправа било утврдено дека точката на дневниот ред на која е упатено во претставката, формулирана како Точка 2 – Предлог-програма за работа од областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на територијата на Општина /// за 2025 година, не била усвоена, од причина што за нејзиното усвојување гласале девет од вкупно десет члена на Советот кои биле присутни на седницата.

Имајќи ја предвид состојбата утврдена од страна на Државниот инспекторат за локална самоуправа, а истовремено имајќи предвид дека на /// седница на Советот на Општина /// не била усвоена Точката 2 од дневниот ред - Предлог-програма за работа од областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на територијата на Општина /// за 2025 година, ДКСК оцени дека овие околности упатуваат на промена на фактичката состојба на која се однесуваат наводите од пријавата, и утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК